Влада на Република Северна Македонија

- АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ -

Архивски број:04-34/18
Датум:07.02.2024 година

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022,) директорот на Агенцијата на правата на заедниците донесе:

ОДЛУКА
за избор по Интерен оглас број 01/2024 за унапредување на 6 (шест) административни службеници во Агенцијата за остварување на правата на заедниците

1. Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси, во Сектор за управување со човечки ресурси и стручно-административни и општи работи, ниво Б4, шифра на работно место УПР0101Б04000- 1 извршител, се избира кандидатот: **Емине Садики.**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со арх.бр.19-717/2 од 24.01.2024 година, Директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците упати Барање за објавување на интерен оглас за унапредување на 6 (шест) административни службеници со бр.04-34/1 од 26.01.2024 година. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас бр.01/2024 година, за унапредување на 6 (шест) административни службеници во Агенцијата за остварување на правата на заедниците, објавен на 29.01.2024 година на веб страниците на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и Агенцијата за администрација.

Во функција на спроведување на постапка за унапредување на административни службеници од точка 1 на оваа Одлука, Комисијата за селекција на кандидати формирана од страна на Директорот со Решение бр.04-34/11 од 02.02.2024 година, на ден 07.02.2024 година, спроведе административна селекција односно изврши увид во пријавата и доставените докази за работното место број 2 од интерниот оглас број 01/2024 и состави Записник од административна селекција бр.04-34/13 од 07.02.2024 година и пристапи кон втората фаза - спроведување на интервју и состави Записник за спроведување на интервју бр.04-34/14 од 07.02.2024 година. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати, врз основа на што на Директорот како одговорно лице му достаави Предлог-одлука за избор на прворангираниот кандидат на Огласот за објавеното работно место.

Влада на Република Северна Македонија

- АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ -

Врз основа на Финалната ранг листа и доставениот Предлог за избор на прворангираниот кандидат за наведеното работно место од Комисијата, директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците донесе Одлука за избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување на административниот службеник.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата.

Директор
Ерал Куртиш

Доставено до:
- Пријавени кандидати
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива
- Веб страна